**ЗАШТИТНИ МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕСРЕКА И НЕЗГОДА ПРИ ПРЕВОЗ:** Во случај на незгода во затворен простор се превземаат следни мерки за заштита: Лицето што ќе влезе или се наоѓа во контаминираната просторија треба да има заштитна опрема (заштитно одело, заштитни ракавици). Излиеното (растуреното) средство треба веднаш да се исчисти со абсорптивен материјал (струг) и ова да се чува во добро затворен сад кој е предвиден и означен за таква намена. Потоа контаминираната површина добро да се измие со вода и детергент, кој што после употребата треба да се собере во садот со отпадното средство и истата да не се испушта во канализација. Во случај незаштитеното лице да дојде во
контакт со средството треба веднаш да се постапи според упатството за прва помош. **Во случај на незгода при превоз:** Прво да се изгаси моторот на возилото, да не се пуши и веднаш да се пристапи кон гасењето на огнот. Местото на несреката веднаш да се обезбеди со знаци, да се предупредат останатите учесници во сообраќајот,и да се повика полицијата и стручни служби, а по потреба и пожарникари. Да се локализира средството доколку се разлие -растури по почвата и да се осигура да не навлегува во водата. Со задолжително користење на заштитни средства, оштетената амбалажа се одвојува од неоштетената. Средството се собира во посебен сад кој е предвиден и означен за таква намена. Во случај на пожар веднаш да се отпочне со гасењето на огнот со хемиски прав или со CO2 со задолжително користење на заштитни средства за дишните органи. Контамираната течност настаната при гасење на пожарот не смее да дојде во допир со водотеците или одводна канализација.
Во случај незаштитено лице да дојде во контакт со средството треба веднаш да се постапи според упатството за прва помош.
**ПОСТАПКИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЕНОТО СРЕДСТВО И ПАКУВАЊЕТО:** Празната амбалажа и остатоците од средството не смеат да дојдат во почвата или во водата, ниту да се закопуваат во земја. Празната амбалажа најпрво треба да се измие со вода, а потоа уште еднаш да се измие со вода на која сме и додале детергент. Доколку на средството му поминал рокот на траење, мораме да го пратиме во фабриката на анализа, за да евентуално му се продолжи рокот за употреба или да се уништи. Остатоците од средството никако не можеме да ги употребиме, треба да побараме совет од фабриката за тоа како истите да се уништат или евентуално испратат во фабриката.
Никогаш да не се користи празната амбалажа за друга намена.
**СКЛАДИРАЊЕ:** Средството да се складира само во оригинално затворено пакување во наменска просторија под клуч, на ладно, проветрено и суво место подалеку од контактот со деца, одвоено од храна, пијалоци и добиточна храна. Средството да се чува подалеку од извори на топлина.
**РОК НА УПОТРЕБА:** 3 години
**НАПОМЕНА:** Производителот гарантира за квалитетот на препаратот додека се наоѓа во оригинално затворено пакување. За евентуални штети или неефикасно делување, со нестручна примена или неправилно склдирање, производителот не превзема одговорност.



**ЗНАЧЕЊЕ НА ЗНАЦИТЕ ЗА ОПАСНОСТ, ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**ЗНАЦИ ЗА ОПАСНОСТ**
Xn - Штетно
N - Опасно за околина
**ЗНАЦИ ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
R- 36 - Можна иритација на очите
R- 40 - Лимитирана евиденција за карциногени ефекти
R- 43 - Може да предизвика сензибилизација на кожата
R- 50 - Многу отровен за водени организми
**ЗНАЦИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**
S - 1/2/3 - Да се чува на ладно место под клуч и далеку од контактот со деца
S - 9 - Да се чува на место со добра вентилација
S - 13 - Да се чува одвоено од храна, пијалоци и добиточна храна
S - 15 - Да се чува подалеку од извори на топлина
S - 20/21 - При употреба да не се јаде , пие и пуши
S - 35 - Средството и садовите мора да се отстранат на безбеден начин
S - 36/37 - Да се носи соодветна заштитна облека и ракавици
S - 40 - Местото и сите други предмети загадени со средството да се исчистат со средство за чистење одредено од произвоителот.Во случај на несрека или здраствени потешкотии да се побара лекарска помос и да се приложи упатството за употреба.

# Vincare WG

**Vincare WG е фунгицид наменет за сузбивање на причинителите на инфективни болести на виновата лоза, доматите, компирот и краставиците, формулиран во облик на вододисперзибилни гранули (WG).**

**Хемиски состав:**
**a.m.BENTHIAVALICARB / 17,5 gr/kg**
**a.m. FOLPET / 500 gr/kg**

R : 36 , 40 , 43 , 50
S : 1/2/3, 9, 13, 15, 20/21, 35, 36/37, 40

ШТЕТНО ПО ЗДРАВЈЕТО Xn
ОПАСНО ЗА ЖИВОТНА ОКОЛИНА N







**ПРЕД ОТВОРАЊЕ НА ПАКУВАЊЕТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ПРОЧИТА УПАТСТВОТО ЗА УПОТРЕБА !**
**АВИО ТРЕТИРАЊЕ НЕ Е ДОЗВОЛЕНО !**
**ПРОИЗВОДОТ МОЖЕ ДА СЕ ПРОДАВА САМО ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ (ЗЕМЈОДЕЛСКИ АПТЕКИ).**

**Дозвола за промет од Министерство за Земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија**
**Решение број: 17-1141 од 27.11.2014**

**Број на шаржа:** отпечатено
**Датум на производство:** отпечатено

**Рок на употреба: 3 години**

Производител: **ADAMA Makhteshim Ltd.**
Застапник и дистрибутер:
**МАГАН-МАК ДОО Скопје**
ул.Орце Николов бр.71 Скопје, Р.Македонија
тел.: 02/3216-147; факс: 02/3216-158
www.maganmak.com.mk
®заштитно име на ADAMA Agriculture BV

**Нето содржина: 1 kg**

# Vincare WG

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: VINCARE WG е фунгицид формулиран во облик на вододисперзибилни гранули, наменет за сузбивање на причинителите на инфективни болести на виновата лоза, доматите, компирот и краставиците.**
**ХЕМИСКИ СОСТАВ: BENTHIAVALICARB - 17.5 гр/кг. FOLPET - 500 гр/кг.**
**НАЧИН ЗА УПОТРЕБА: VINCARE WG при заштита на растенија се користи разреден во вода со стандардна опрема за апликација, со класично прскање со прскалки со потрошувачката од 500-1500 литри вода на хектар**
**ПРИМЕНА: VINCARE WG се применува за сузбивање на причинители на инфективни болести во следните култури:**
**Во лозовите насади: Причинителот на пламеницата на виновата лоза (Plasmopara viticola) во концентрација од 0,15% - 0,2%, односно 1,5 до 2 кг/ха.**
**Компирот и доматите: против причинителот на пламеницата на компирот и доматите (Phithophtora infestansc) во концентрација од 0,15% - 0,2%, односно 1,5 - 2 кг/х.**
**Краставица: против причинителот на пламеницата на краставицата (Pseudoperonospora cubensis) во концентрација од 0,15 - 0,2%, односно 1,5 - 2кг/ха.**

| | КАРЕНЦА |
|---|---|
| КАЈ ВИНОВАТА ЛОЗА | 28 ДЕНА |
| КАЈ ДОМАТИТЕ | 3 ДЕНА |
| КАЈ КОМПИРОТ | 21 ДЕН |
| КАЈ КРАСТАВИЦИТЕ | 14 ДЕНА |
| | |

| ТОЛЕРАНЦА | | |
|---|---|---|
| | BENTHIAVALICARB | FOLPET |
| ЗА ДЕСЕРТНО ГРОЗЈЕ | 5 мг/кг. | 0,2 мг/кг. |
| ЗА ВИНСКО ГРОЗЈЕ | 0,02 мг/кг. | 0,2 мг/кг. |
| ЗА ДОМАТИ | 2 мг/кг. | 0,3 мг/кг. |
| ЗА КРАСТАВИЦИ | - | |

**ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ УПОТРЕБА:** Употребата на порепаратот во предвидените концентрации од страна на производителот не претставува опасност за здравјето на работниците, односно потрошувачите, доколку се применети мерките за заштита при работа и ако се придржува до упатството за употреба. При работа со средството потребно е носење на заштитна облека и ракавици. Рацете да се заштитат со гумени или пластични ракавици , а телото со лесно заштитно одело со долги ракави. При работа со препаратот потребно е да се користат општите мерки на заштита, да не се јаде, пие нити пуши. Средството и амбалажата да се чува на ладно, добро вентилирано и сигурно место подалеку од извори на топлина. После работа со препаратот задолжително да се измијат рацете и изложените делови од телото со вода и сапун.
**ЗНАЦИ НА ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ШТЕТНИ ЕФЕКТИ:** Во допир со кожата и очите може да предизвика слаба иритација. Производот е многу токсичен за водените организми.
**ПРВА ПОМОШ И ЛЕКУВАЊЕ:** Во случај на контакт со кожа: да се соблече загадената контаминирана облека и обувките, телото темелно да се измие со млака вода и сапун најмалку 15 минути., и да се побара лекарска помош. Во случај на контакт со очите: темелно да се исплакнат очите и лицето со млака вода во времетраење од 15 минути, со палецот и показалецот да се раздвојат очните капци при измивањето. Потоа повредениот итно да се однесе на очен лекар. Доколку сретството се проголта да не се предизвика повраќање и да не се дава нисто преку уста без да секонсултира лекар. Устата да се исплакне исплакне обилно со вода и да се побара медицинска помош. Доколку производот се вдиши: Лицето да се премести во чиста аерирана просторија. Ако не може да диши да се даде вештачко дишење ,а ако дишењето е многу отежнато да се даде кислород и да се побара медицинска помош.
**АНТИДОТ:** Нема специфичен, потребно е симптоматско лекување.
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:** Заштита на почвата: Празната амбалажа и остатоците од средството не смеат да дојдат до почвата, ниту да се закопуваат во земја. Доколку средството навлегло во почвата или допрело други предмети, веднаш да се исчистат со абсорптивен материјал (струг од дрво) и ова да се чува во добро затворен сад. Подоцна овој сад да се испрати во фабриката заради уништување. Површините и другите работи, да се исчистат со вода со додавање на детергент. Средството како и водата која се користи за миење да не се излева во канализацијата.
**Заштита на водите:** Препаратот не смее да се применува во водозаштитените зони.Во текот на примената треба да се спречи загадувањето на водата, извори на вода, бунари, водотеци и езера со оставање на нетретирана површина во ширина од најмалку 20 метра. Остатоците од растворот за прскање да не се истураат во канали, канализации и отворени водени текови заради штетното дејство на средството на растителниот и животински свет.
Заштита од штетното дејство на средството: Средството смее да се употребува само според упаството за примена. Да се избегнува прскање по големи горештини или силен ветер за да не дојде до пренесување на средството на соседни култури, вода или почва. Со завршување на работата прскалките, резервоарот, млазниците и цевките темелно да се исперат со вода на строго определено место. Средството како и водата која се користи за миење да не се излева во канализацијата. Амбалажата и остатоците од средството да се исперат со вода. Празната амбалажа потоа се деконтаминира со детергент и термички се обработува. Остатокот од средството да се чува во оригиналната амбалажа.